МОДНИОТ КРЕАТОР ДИНЕ ЈАНЕВСКИ ЌЕ ГИ РАЗУБАВУВА ЖЕНИТЕ ВО ОМАН

# Ќе правам фустани во боите на Македонија



Кога некоја жена ќе влезе да нарача фустан, мажите излегуваат надвор, сé додека таа не дозволи да влезат.- Дине Јаневски

Модниот креатор Дине Јаневски следните две години ќе ги разубавува жените во Оман. Тој потпиша договор со оманската модна куќа "Забија Москат фешн", со седиште во главниот град Москат, која се занимава исклучиво со женска мода. По покана од сопственикот, Дине, како главен дизајнер, веќе ја подготвува првата серија фустани, за кои вели дека се работат исклучиво со кристали "сваровски".



Фустаните се работат исклучиво со кристали "сваровски"

"Нема копии овде, само оригинали и скапи материјали. Кога некоја жена ќе влезе да нарача фустан, мажите излегуваат надвор, сé додека таа не дозволи да влезат. Жени земаат мерки. Додека таа не ти проговори, ти не смееш прв да почнеш да ѝ зборуваш. На почетокот ми беше чудно, бидејќи е сосема различно откај нас, но веќе се навикнав. Секоја втора кола е џип, нема куќи, туку палати, шеици, султани, богатсво невидено. На деловно кафе во Дубаи одев со авион. Драго ми е што многу ме засакаа и што сум единствениот дизајнер од Европа. Сé е насмеано и како на забавена снимка. Никој не брза и не ти стои над глава", вели Јаневски.

Тој се труди да ги вметне боите на Македонија во своите креации. Вели дека веќе на една госпоѓа ѝ направил црвен фустан со жолто.

"Внесувам свои идеи, но се трудам во основата да ја задржам нивната традиција. Понатаму ќе се направи и модна ревија. Всушност, правам креации во нивни стил, но со европски дизајн и детали. Креирам и невестински фустани. Многу се интересни, како и сé друго овде. Драго ми е што сум единствениот дизајнер од Европа, иако има многу Европејци што работат во Оман. Сепак, да бидеш креатор овде е многу тешко, треба многу да разбираш од нивната мода, која бара многу внимание и прецизност на шарите и на декорациите", вели Дине. **(В.М.)**

# Трајче Ѓеоргиев - откритие на годината на "Златна бубамара на популарноста"

Малиот Трајче Ѓеоргиев од Струмица, кој учествува на изборот на "Пинк ѕвездички" и го воодушеви цел Балкан, ќе биде прогласен за откритие на годината на новото издание на "Златна бубамара на популарноста", која ќе се одржи в четврток, во Универзалната сала. По 18. пат, оваа престижна манифестација, повторно на многу забавен начин, ќе награди и сето тоа добро зачинето со хумор од проверениот мајстор, актерот Сашко Коцев. Слоганот за оваа година е "Смеете да се смеете".

"Сценариото, како и секогаш, се чува во тајност и за прв пат наградата за откритие на годината ќе ја добие најмладиот добитник досега, кој има само 13 години, а тоа е Трајче. И оваа година интересот за присуство на настанот е огромен, за билет се нудат и неколку пати повисоки суми од редовната цена. Билет, за жал, многу тешко може да се добие поради малиот број седишта во Универзалната сала и билетите што се пуштени во продажба", велат организаторите.

**(В.М.)**



Го воодушеви Балканот во "Пинк ѕвездички".-Трајче Ѓеоргиев